**Гласен Текстилец**
**Ул. Сутјеска 59, 2 000 Штип**
**glasentekstilec@gmail.com**
**www.glasentekstilec.mk**

# Стратегија на Гласен Текстилец 2020-2023

Оваа среднорочна стратегија за работа на здружението Гласен Текстилец ги дефинира клучните приоритети, цели и активности кои здружението ќе ги спроведува за периодот 2020 -2023. Преку оваа стратегија ќе го зголемиме својот потенцијал и влијание во остварувањето на нашата визија и мисија. Стратегијата е резултат на повеќе средби, состаноци и работилници на кои учествуваа сите членови, волонтери и претставници на заедниците со кои работи здружението.

**Визија на здружението е**:

Граѓани работници во текстилната, кожарската и чевларската индустрија со висока свест, едуцирани, информирани ги уживаат своите права.

**Мисија на здружението е:**

Да биде водечка организација за остварување на правата на работниците од текстилната,кожарската и чевларската индустрија.

**Основни цели и задачи на Здружението кои се утврдени во статутот:**

1.Професионалност и транспарентност во работата на здружението

2.Застапување на интересите на работниците во текстилната,кожарската и чевларската индустрија

3.Афирмирање и популаризација на проблемите на работниците и кршењето на нивните права

4.Подигање на свеста на работниците преку едукации,трибини,конференции,семинари и други активности кои се потребни

5. Учество во подготовка на закони и други нормативни акти и прописи од областите на интерес на здружението

6.Изградба на сопствена структура за подготовка на проекти за развој и унапредување на здружението

7. Стимулирање, лобирање, менаџирање, креирање и развој на соработка со

медиумите, бизнис секторот, други невладини организации, фондации, асоцијации и остварување на меѓународна соработка

8.Поддршка, создавање и развој на соработкасоорганите на централната и локалната власт, меѓународни институции и организации, странски амбасади и влади

9.Стимулирање, поддршка, имплементација и застапување на работниците, преку позитивните примери во европските држави. Учество во решавање, надминување и задоволување на проблемите и потребите на вработените и младите

10.Вршење и други активности и облици на работа кои придонесуваат за унапредување на правата на работниците ,популаризација на проблемите и подигање на свеста на работниците и младите

11.Оформување и развој на мрежи и групи со организации со цел зајакнување на капацитетите за подобрување на правата на работниците

12.. Популаризација и афирмација на статусот и кршењето на правата на Маргинализираната и ранливата популација- млади и вработени, особено во приватен сектор ( роми,лгбт, зависници, сексуални работници и др. )

13.Јакнење и развивање на волонтеризмот и волонтерскиот менаџмент и активно вклучување на младите како во организацијата така и надвор од неа.

14.Социјална инклузија и подигање на свеста на граѓаните, особено младите луѓе и работниците преку уметноста и културата

15. Развивање на идеата за социјални претпријатија, поддршка на истите и изнаоѓање на фондови за социјални претпријатија во склоп на здружението и на територијата на Р.Македонија

**Вредности**

Гласен Текстилец ќе ги почитува сите луѓе без оглед на нивната национална, возрасна, расна, сексуална и било каква друга припадност. Посебно ќе се залага за вклучување на текстилните работници/чки во дефинирањето на проектните активности и стратешки документи на Гласен Текстилец. Исто така ќе се залага за вклучување на младите во работата на здружението. Сите вработени, ангажирани и волонтери во Гласен Текстилец ги почитуваат работните обврски и вредностите на здружението. Како посебни вредности на здружението се :
Толеранција, солидарност, социјална правда, меѓусебно помагање, почитување на различностите и човековите права, еднакви шанси, слобода на избор, мотивирање за активизам.

**Приоритети**

За периодот 2020-2023 Гласен Текстилец ги утврди следниве приоритети:

П1.Сите работници ги знаат сопствените работнички права
П2.Државните институции и приватниот сектор ги почитуваат правата на работниците
П3. Гласен текстилец е одржлива и препознаена граѓанска организација

**Приоритет 1.Сите работници ги познаваат сопствените работнички права**

**Цели:**

**Цел 1 Правно и параправно зајакнување на текстилните работници/чки**

Активности:

Аплицирање на проекти за правно и параправно зајакнување на текстилните работници/чки
Зголемување на тимот на параправници и опсегот на нивните активности
Зголемување на бројот на градовите каде се присутни параправниците
Вклучување на правник на Гласен Текстилец во проектните активности
Промоција на правна и параправна помош

**Цел 2. Демократизација на синдикалното здружување**

Активности:

Донесување на закон за колективно преговарање и синдикално организирање
Координаторски средби со синдикатите и Меѓународната организација на трудот на кои ќе се усогласат ставовите

Формирање на независен синдикат на текстилните работници

**Цел 3. Промоција на работничките права**

Активности

Организирање на Текстилијада
Организирање на едукации со млади за човекови и работнички права
Организирање на работилници со работници/чки за работнички права
Организирање на културни настани
Кампања на социјалните медиуми за промоција на работничките права
Истражување и анализа на пристап до правда на работниците
Мониторирање на судски случаеви за прекршување на човековите права

**Приоритет 2. Државните институции и приватниот сектор ги почитуваат правата на работниците**

**Цели:**

**Цел 1. Зајакнување на партнерството со Државниот инспекторат на трудот - ДИТ заради намалување на корупцијата, не евиденција на работното време и нивна поголема транспарентност и зголемување на довербата кон ДИТ**

Активности

Состаноци и обуки со ДИТ
Потпишан меморандум за соработка меѓу ГТ и ДИТ
Студиска посета на ДИТ, ГТ и Министерството за труд и социјална политика-МТСП во Косово за да се види начинот на работа и соработката меѓу косовскиот ДИТ и граѓанските организации
Инспекциски посети на текстилни фабрики на тим од ДИТ и ГТ
Заеднички кампањи со ДИТ и Управата за јавни приходи - УЈП за јакнење на правата на работиците

**Цел 2. Зајакнување на партнерството со Еконсомскиот социјален совет-ЕСС и Локалниот економски социјален совет - ЛЕСС заради подобрување на работничките права во Македонија**

Активности

Вклучување на членови од ЕСС и ЛЕСС во активности на ГТ

Гласен Текстилец
Ул. Сутјеска 59, 2 000 Штип
glasentekstilec@gmail.com
www.glasentekstilec.mk

Состаноци со ЕСС и ЛЕСС
Средби со министерство за труд и социјална политика на кој ќе се презентира идејата за вклучување на ГТ на состаноците на ЕСС и ЛЕСС
Следење и мониторинг на работата на ЕСС и ЛЕСС преку присуство на ГТ на состаноците на ЕСС

**Цел 3. Подобрување на социјален дијалог**

Активности

Застапување за прогласување на недела како неработен ден во Македонија
Организирање на работилници, дебати, трибини на теми поврзани со подобрување на социјалниот дијалог.
Планирање на партнерски активности помеѓу сите чинители на социјалниот дијалог.
Студиски посети во земји добар пример на функционирање на социјалниот дијалог.

**Цел 4. Застапување и мониторинг на политиките, конвенциите и поглавјата на ЕУ поврзани со човекови и работнички права**

Активности

Состаноци со релевантни тела, комисии, министерства и останати засегнати страни
Мониторинг и анализа на спроведувањето на законските регулативи, политиките, конвенциите и поглавјата за пристап во ЕУ
Застапување за примена на добрите политики и пракси

**Цел 5. Работнички и човекови права на текстилните работнички во време на вонредни состојби**

Активности

Решенија во однос на донесени мерки, уредби и препораки
Лобирање и застапување за донесените мерки, уредби и препораки
Мониторинг и имплементација
Policy Paper
Брзи активности, согласно потребите

**П3. Гласен текстилец е одржлива и препознаена граѓанска организација**

**Цели**

**Цел 1. Обезбедување на финсиска одржливост и стабилност**

Активности

Мобилизација на ресурси од националниот и локалните буџети
Развој на социјално претпријатие
Развој на самоодржливи активности

**Цел 2. Јакнење на партнерски односи со други организации во Македонија и регионот**

Активности

Координативни состаноци и размена на информации
Заеднички кампањи и проектни активности
Вклучување на ГТ во национални и регионални иницијативи и платформи

**Цел 3. Зајакнати човечки ресурси на ГТ**

Активности

Ангажирање на поголем број на волонтери и јакнење на нивниот капацитет
Подобрување на капацитетите и вработување на искусен и стручен кадар
Формирање на програма за млади во рамките на ГТ

**Цел 4. Зголемена видливост на организацијата**

Активност

Промоција на КУЦ како центар за култура и уметност во Штип
Промоција на ГТ на социјалните , електронските и печатените медиуми
Учество на национални и меѓународни конференции, трибини и други настани